КИНСИВ

## 2025 година

# ПРЕГЛЕД НА ВОЗДУХОПЛОВНА БЕЗБЕДНОСТ

### ТАБЕЛАРЕН, СТАТИСТИЧКИ И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПОДАТОЦИ ОД ПРИЈАВЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ НАСТАНИ, ИЗВЕШТАИ И КОРЕКТИВНИ ДЕЈСТВИЈА



КИНСИВ ги истражува несреќите во кои учествувале цивилни воздухоплови или падобрани и врши задачи поврзани со собирање и анализа на податоци и други задачи поврзани со безбедноста на летот, особено за намалувањето на ризици во воздухопловството и спречување на несреќи, сериозни инциденти и инциденти, под услов овие задачи да не влијаат на независноста на Комитетот.

## CONTENTS / СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ...... **3**

**ДЕФИНИЦИИ И КОРИСТЕНА ТЕРМИНОЛОГИЈА** ...... **4**

**РЕГУЛАТИВА** ...... **5**

**СТАТИСТИКА НА ПРЕЛЕТИ** ...... **6**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАГА** ...... **7**

**1. ЛИСТА НА НАСТАНИ ОД ЗА 2025 ГОДИНА** ...... **9**

**2. ГРАФИЧКИ И ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВКУПЕН БРОЈ НА НАСТАНИ ЗА 2025 ГОДИНА, класа и категорија** ...... **17**

Статистички и графички приказ по класа на настани за 2025 година ...... 18

Статистички и графички приказ по категорија на настани за 2025 година ...... 19

**3. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ПО ТИП НА ПРИЈАВА НА НАСТАН 2025 ГОДИНА** ...... **20**

Анализа на настани, статус по тип на пријава ANS ...... 20

Анализа на настани, статус по тип на техничка пријава CNS ...... 21

Анализа на настани, статус по тип на пријави од ТАВ аеродроми ...... 22

Анализа на настани, статус по тип на доброволни пријави ...... 22

Анализа на настани поврзани со судир со птици (BIRD: Birdstrike) ...... 23

**5. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА НАСТАНИ** ...... **24**

**ЗА 2013 ГОДИНА - 2025 ГОДИНА** ...... **24**

**6. ЗАКЛУЧОК** ...... **25**

# ВОВЕД

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија, како независно тело надлежно за спроведување на истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди и препорачани практики, ја подготвува оваа публикација со наслов „Преглед на воздухопловна безбедност за 2025 година“.

Овој документ има за цел да обезбеди систематизиран и сеопфатен приказ на состојбата со воздухопловната безбедност во текот на 2025 година, врз основа на податоците добиени од спроведените истраги, пријавените настани, како и други релевантни извори на информации. Прегледот опфаќа анализа на воздухопловни несреќи, сериозни инциденти и други настани кои имаат или можат да имаат влијание врз безбедноста на воздухопловниот сообраќај.

Во согласност со принципите утврдени во Анекс 13 на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, целта на истрагите и на овој преглед не е утврдување на вина или одговорност, туку исклучиво унапредување на безбедноста преку идентификација на причините, придонесувачките фактори и системските слабости. Во таа насока, анализата е насочена кон препознавање на трендови, повторливи појави и потенцијални ризици, со цел формулирање на безбедносни препораки и превентивни мерки.

Посебно внимание е посветено на интеграцијата на наодите од истрагите во поширокиот систем за управување со безбедноста, како и на нивната примена од страна на релевантните чинители во воздухопловниот сектор, вклучувајќи ги надлежните институции, операторите, давателите на услуги и другите засегнати страни. Преку ваквиот пристап, се овозможува континуирано следење и подобрување на нивото на воздухопловна безбедност на национално ниво.

Овој преглед, исто така, има за цел да ја зајакне транспарентноста и размената на информации, како и да придонесе кон подигнување на свеста за значењето на безбедноста во воздухопловството. Документот претставува важен извор на информации и аналитичка основа за донесување на политики, стратегии и мерки насочени кон намалување на ризиците и спречување на идни несреќи и сериозни инциденти.

Комитетот останува посветен на спроведување на својата мисија во согласност со највисоките професионални стандарди, обезбедувајќи независност, објективност и стручност во сите фази на истражниот процес, со крајна цел – унапредување и одржување на високо ниво на воздухопловна безбедност.

# ДЕФИНИЦИИ И КОРИСТЕНА ТЕРМИНОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| [R] | *Reference*<br>Референца |
| ANSP | *Air Navigation Services Provider*<br>Давател на услуги на воздухопловна навигација |
| ALOSP | *Acceptable Levels of Safety Performance*<br>Прифатливи нивоа на ефикасноста на безбедност |
| AME | *Aircraft Maintenance Engineer*<br>Инженер за одржување на воздухоплови |
| ANS | *Air Navigation Services*<br>Услуги на воздухопловната навигација |
| ANSP | *Air Navigation Services Provider*<br>Давател на услуги на воздухопловна навигација |
| ARC | *Aviation Regulations Code*<br>Зборник на воздухопловни прописи |
| ATO | *Approved Training Organisations*<br>Овластени организации за обука |
| CAA | *Civil aviation Agency*<br>Агенција за цивилно воздухопловство (АЦВ) |
| EASA | *European Aviation Safety Agency*<br>Европска агенција за безбедност на воздухопловството |
| EASP | *European Aviation Safety Programme*<br>Европска програма за безбедност на воздухопловството |
| EC | *European Commission*<br>Европска Комисија |
| ECAA | *European Common Aviation Area*<br>Европска заедничка воздухопловна област |
| ECAC | *European Civil Aviation Conference*<br>Европска конференција за цивилно воздухопловство |
| ECCAIRS | *European Coordination Centre for Accident and Incident Reporting Systems*<br>Европски координативен центар за системите за пријавување на воздухопловни несреќи и инциденти |
| EPAS | *European Plan for Aviation Safety*<br>Европски план за безбедност на воздухопловството |
| EU | *European Union*<br>Европска унија |

| | |
|---|---|
| EUROCONTROL | *European Organisation for Safety of Air Navigation*<br>Европска организација за безбедност на воздухопловната навигација |
| ICAO | *International Civil Aviation Organisation*<br>Меѓународна организација за цивилното воздухопловство |
| M–NAV | *Macedonian Air Navigation Service Provider*<br>Македонски давател на услуги на воздухопловната навигација |
| N/A | *Not Applicable*<br>Не се применува |
| NASC | *National Aviation Safety Committee*<br>Национален комитет за безбедност на воздухопловството |
| Reg. | *Regulation*<br>Регулатива/Пропис |
| SAR | *Search and Rescue*<br>Потрага и спасување |
| SARPs | *Standards and Recommended Practices*<br>Стандарди и препорачани практики |
| SES | *Single European Sky*<br>Единствено европско небо |
| SSP | *State Safety Programme*<br>Национална програма за безбедност |
| TBD | *To be developed*<br>Треба да се изработи |
| TMA | *Terminal Manoeuvring Area*<br>Терминални површини за маневрирање |
| USOAP | *Universal Safety Oversight Audit Programme*<br>Универзална програма за контрола на надзорот врз безбедноста |

# РЕГУЛАТИВА

Согласно Член 5 став 1, 2 и 3 од Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи и сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината на начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите Службен Весник на РСМ Број 67/2023 година, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти има обврска да изработи и објави на својата веб страна Преглед на воздухопловна безбедност за 2025 година.

# СТАТИСТИКА НА ПРЕЛЕТИ

Компаративна статистика на прелетите над територијата на Република Северна Македонија во период 2024 и 2025 година. (Податоци од М-НАВ АД Скопје)

| Месец | 2025 | 2024 | 2025 vs 2024 |
|---|---|---|---|
| Јануари | 14.646 | 12.815 | 14.3% |
| Февруари | 13.839 | 12.107 | 14.3% |
| Март | 16.623 | 14.517 | 14.5% |
| Април | 23.841 | 21.911 | 8.8% |
| Мај | 30.003 | 27.973 | 7.3% |
| Јуни | 34.522 | 30.649 | 12.6% |
| Јули | 35.669 | 34.997 | 1.9% |
| Август | 36.322 | 36.002 | 0.9% |
| Септември | 34.183 | 31.849 | 7.3% |
| Октомври | 31.505 | 31.054 | 1.5% |
| Ноември | 18.355 | 16.373 | 12.1% |
| Декември | 17.657 | 15.132 | 16.7% |
| **ВКУПНО** | 307.165 | 285.379 | 7.6% |

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАГА

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти (КИНСИВ) во 2025 година отвори 8 истраги од кои 4 класифицирани како несреќи и 4 класифицирани како сериозни инциденти. Исто така затвори истрага за сериозен инцидент од 2024 година. Отворени истраги за сериозни инциденти се 2 и една отворена истрага е за несреќа.

Резултати од истрагите се:

**SINCID 001/2024** (Блиска средба во воздух и активирање на TCAS RA помеѓу два патнички воздухоплови Airbus A321 и Boeing 737 во близина на Меѓународен аеродром Скопје која се случи на ден 07.09.2024) каде КИНСИВ издаде вкупно 11 препораки и Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**SINCID 001/2025** (Излетување од полетно-слетна патека на ултралесен воздухоплов Pipistrel Alpha Trainer кој се случи на 04.01.2025 година на LWSN) каде што КИНСИВ издаде 2 препораки и Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**ACCID 003/2025** (Несреќа на пилот на параглајдер во околина на Прилеп на ден 05.07.2025) каде што КИНСИВ издаде 2 препораки и Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**ACCID 006/2025** (Несреќа на пилот на параглајдер на место викано Мечкин камен каде пилотот губи контрола над параглајдерот во фаза на полетување на ден 13.08.2025) каде што КИНСИВ не издаде безбедносни препораки, а Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**SINCID 008/2025** (Блиска средба во воздух помеѓу два воздухплови Airbus A320 и Cessna 172 во близина на Меѓународен аеродром Скопје на ден 17.09.2025) каде што КИНСИВ издаде 12 препораки и Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**ACCID 010/2025** (Несреќа на пилот на параглајдер на планината Галичица во близина на Охрид која се случи на ден 24.09.2025) каде што КИНСИВ не издаде препорака, а Финалниот извештај е објавен на веб страницата на КИНСИВ.

**SINCID 002/2025** (Губење на контрола во фаза на слетување на пилот на параглајдер во Охрид на ден 07.06.2025) е во тек.

**SINCID 012/2025** (Намалено растојание испод законски пропишаното на два воздухоплови) е во тек.

**ACCID 013/2025** (Принудно слетување на воздухоплов Piper PA-28 во водите на Мавровско езеро на ден 12.12.2025) е во тек.

# 1. ЛИСТА НА НАСТАНИ ОД ЗА 2025 ГОДИНА

На табелата е прикажана листа на пријавени настани за 2025 година За дел од настаните се наведени и корективните дејствија кои се преземени.

| *FILE* | НАСЛОВ (МК) | REPORT ID | КЛАСА | КАТЕГОРИЈА | ЛОКАЦИЈА | ДАТУМ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-001/25* | Прекин на работа на AWOS монитор | T-001 | Incident | ATM/CNS | - | 01.01.2025 |
| *OR-002/25* | Излетување од писта (Стенковец) | GA-001 | Serious incident | Runway excursion | RWY/Safety area | 04.01.2025 |
| *OR-003/25* | Дефект на рабни светла на писта | TAV-001 | Incident | Aerodrome | LWSK | 07.01.2025 |
| *OR-004/25* | Губење на радарски тракови | T-002 | Incident | ATM/CNS | - | 10.01.2025 |
| *OR-005/25* | Прекин на VCS комуникација | T-003 | Incident | ATM/CNS | M-NAV | 12.01.2025 |
| *OR-006/25* | Испад на DVOR TH1 | T-004 | Observation | System failure | Охрид | 27.01.2025 |
| *OR-007/25* | Повторен испад на DVOR TH1 | T-005 | Observation | ATM/CNS | Охрид | 31.01.2025 |
| *OR-008/25* | Девијација на heading позиција | V-001 | Not determined | ATM/CNS | Платформа | 24.02.2025 |
| *OR-009/25* | Блокирана фреквенција | T-006 | No effect | ATM/CNS | FIR Скопје | 27.02.2025 |
| *OR-010/25* | Дефект на светла на маневарска површина | T-007 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 02.03.2025 |
| *OR-011/25* | Непотполна листа на NOTAM | V-002 | Incident | ATM/CNS | - | 10.03.2025 |
| *OR-012/25* | Судир со птица | TAV-003 | Incident | Birdstrike | LWSK | 09.03.2025 |
| *OR-013/25* | Погрешно префрлен авион на фреквенција | A-001 | Not determined | NAV | FIR Скопје | 17.03.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-014/25* | Судир со птица | TAV-004 | Incident | Birdstrike | LWSK | 02.04.2025 |
| *OR-015/25* | Ехо во радио комуникација | T-008 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 23.03.2025 |
| *OR-016/25* | Лоша чујност | T-009 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 23.03.2025 |
| *OR-017/25* | Судир со птица | TAV-005 | Incident | Birdstrike | LWSK | 21.04.2025 |
| *OR-018/25* | Судир со птица | TAV-006 | Incident | Birdstrike | LWSK | 21.04.2025 |
| *OR-019/25* | Судир со птица | TAV-007 | Incident | Birdstrike | LWSK | 25.04.2025 |
| *OR-020/25* | Судир со птица | TAV-008 | Incident | Birdstrike | LWSK | 26.04.2025 |
| *OR-021/25* | Потврден судир со птица | TAV-009 | Incident | Birdstrike | LWSK | 27.04.2025 |
| *OR-022/25* | Недостапна фреквенција 118.5 | V-003 | Not determined | ATM/CNS | TWR | 07.04.2025 |
| *OR-023/25* | Неисправен TCAS | V-004 | Not determined | System failure | - | 12.04.2025 |
| *OR-024/25* | Губење на радарски label | T-010 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 25.04.2025 |
| *OR-025/25* | Дуплирање на радарски одрази | T-011 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 27.04.2025 |
| *OR-026/25* | Неизвесна смена | V-005 | Not determined | Other | - | 27.04.2025 |
| *OR-027/25* | Неточни радарски податоци | T-012 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 28.04.2025 |
| *OR-028/25* | Дефект на TWY светла | TAV-010 | Not determined | Aerodrome | - | 01.05.2025 |
| *OR-029/25* | Судир со птица | TAV-011 | Incident | Birdstrike | SKP | 09.05.2025 |
| *OR-030/25* | Неправилно одобрена рута | A-002 | No effect | Other | - | 10.05.2025 |
| *OR-031/25* | Судир со птица | TAV-012 | Incident | Birdstrike | LWSK | 16.05.2025 |
| *OR-032/25* | ILS надвор од функција | T-013 | Not determined | ATM/CNS | Охрид | 07.05.2025 |
| *OR-033/25* | Несоодветна електронска координација | T-014 | Not determined | ATM/CNS | - | 12.05.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-034/25* | Близок воздушен инцидент | A-003 | Not determined | MAC | SINKO | 19.05.2025 |
| *OR-035/25* | Недостапен FMP | V-006 | Not determined | Other | - | 19.05.2025 |
| *OR-036/25* | Судир со птица | TAV-013 | Incident | Birdstrike | SKP | 22.05.2025 |
| *OR-037/25* | Ниски прелети над Скопје | V-001-IND | Not determined | Low altitude | Скопје | 01.06.2025 |
| *OR-038/25* | Отворен headset панел | TAV-014 | Not determined | RAMP | LWSK | 11.06.2025 |
| *OR-039/25* | Лабава завртка на крило | TAV-015 | Not determined | Other | Скопје | 15.06.2025 |
| *OR-040/25* | Лабава завртка на крило | TAV-VOL-016 | Not determined | Other | LWSK | 06.11.2025 |
| *OR-041/25* | Traffic advisory | A-004 | No effect | Other | - | 24.05.2025 |
| *OR-042/25* | Губење на радарски одрази | T-015 | Not determined | ATM/CNS | - | 08.05.2025 |
| *OR-043/25* | Непочитување на LoA | V-007 | Not determined | Other | - | 28.05.2025 |
| *OR-044/25* | Конфликт меѓу пилот и контролор | V-008 | Not determined | Other | Скопје | 24.05.2025 |
| *OR-045/25* | Прелет без одобрение | A-005 | Significant incident | MAC | TWR | 11.06.2025 |
| *OR-046/25* | DARD режим | A-006 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 16.06.2025 |
| *OR-047/25* | VCS неисправен | T-016 | Not determined | System failure | APP | 16.06.2025 |
| *OR-048/25* | Проблем со климатизација | V-009 | Not determined | Other | - | 17.06.2025 |
| *OR-049/25* | Дуплирани squawk кодови | T-017 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 17.06.2025 |
| *OR-050/25* | Преоптоварен капацитет | V-010 | Not determined | Other | - | 17.06.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-051/25* | Преоптоварен капацитет | V-011 | Not determined | Other | - | 19.06.2025 |
| *OR-052/25* | Истекување гориво – контаминирана површина | TAV-017 | Incident | System failure | LWSK | 25.06.2025 |
| *OR-053/25* | Истекување гориво од крило | TAV-018 | No flight intended | Fuel | LWOH | 25.06.2025 |
| *OR-054/25* | Непочитување на правила и прописи | V-002-IND | Not determined | Other | - | 28.06.2025 |
| *OR-055/25* | Истекување гориво – мала површина | TAV-019 | Incident | RAMP | SKP | 29.06.2025 |
| *OR-056/25* | Истекување гориво – 1m² | TAV-020 | Not determined | Fuel | LWSK | 29.06.2025 |
| *OR-057/25* | Пријава за непочитување на правила | V-003-IND | Not determined | Other | - | 28.06.2025 |
| *OR-058/25* | Судир со птица | TAV-021 | Incident | Birdstrike | LWSK | 07.07.2025 |
| *OR-059/25* | UAS настан | UAS-001 | Not determined | NAV | - | 09.07.2025 |
| *OR-060/25* | Прекин на радарски податоци (Alenia) | T-018 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 26.06.2025 |
| *OR-061/25* | Губење на тракови и комуникација | T-019 | Incident | ATM/CNS | FIR | 28.06.2025 |
| *OR-062/25* | Прескокнат сектор при комуникација | T-020 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 06.07.2025 |
| *OR-063/25* | Губење на радарски одраз | T-021 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 06.07.2025 |
| *OR-064/25* | Преоптоварен капацитет | V-014 | Not determined | ATM/CNS | - | 08.07.2025 |
| *OR-065/25* | Непрофесионално однесување | V-015 | Not determined | Other | - | 10.07.2025 |
| *OR-066/25* | Ласерски напад | A-007 | Incident | Security | FIR | 10.07.2025 |
| *OR-067/25* | Судир со животно (еж) | TAV-022 | Not determined | Wildlife | LWSK | 21.07.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-068/25* | Привремено губење на сила на мотор | RiminAir-001 | Not determined | Powerplant | - | 06.07.2025 |
| *OR-069/25* | Судир со птица | TAV-023 | Incident | Birdstrike | LWOH | 27.07.2025 |
| *OR-070/25* | Непрофесионално однесување | V-016 | Not determined | Other | - | 29.07.2025 |
| *OR-071/25* | Прекин на комуникација пилот–ATC | V-017 | Not determined | ATM/CNS | - | 19.07.2025 |
| *OR-072/25* | Судир со птица | TAV-024 | Incident | Birdstrike | LWOH | 29.07.2025 |
| *OR-073/25* | Потврден судир со птица | TAV-025 | Incident | Birdstrike | LWSK | 06.08.2025 |
| *OR-074/25* | Судир со птица со MAYDAY | TAV-026 | Serious incident | Birdstrike | LWSK | 06.08.2025 |
| *OR-075/25* | Судир со птица | TAV-027 | Not determined | Birdstrike | LWSK | 08.08.2025 |
| *OR-076/25* | Проблем со стајно тркало | FOR-MNE-001 | Incident | System failure | - | 08.08.2025 |
| *OR-077/25* | Судир со птица | TAV-028 | Incident | Birdstrike | LWSK | 14.08.2025 |
| *OR-078/25* | Истекување гориво | TAV-029 | Incident | Powerplant | LWSK | 14.08.2025 |
| *OR-079/25* | Оштетување при pushback | TAV-030 | Not determined | RAMP | LWSK | 14.08.2025 |
| *OR-080/25* | Судир со птица | TAV-031 | Incident | Birdstrike | - | 16.08.2025 |
| *OR-081/25* | Истекување хидраулично масло | TAV-032 | Not determined | Other | LWSK | 17.08.2025 |
| *OR-082/25* | Отварање на кабина во лет | V-DZS-001 | Not determined | System failure | - | 29.07.2025 |
| *OR-083/25* | Преоптоварен капацитет | V-018 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 02.08.2025 |
| *OR-084/25* | Прекин на радар (MSSR) | T-022 | Observation | ATM/CNS | - | 06.08.2025 |
| *OR-085/25* | Судир со птица | TAV-033 | Incident | Birdstrike | LWSK | 23.08.2025 |
| *OR-086/25* | Судир со птица | TAV-034 | Incident | Birdstrike | LWSK | 24.08.2025 |
| *OR-087/25* | Судир со птица | TAV-035 | Incident | Birdstrike | LWSK | 24.08.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-088/25* | Судир со птица | TAV-036 | Incident | Birdstrike | LWSK | 24.08.2025 |
| *OR-089/25* | Судир со птица | TAV-037 | Incident | Birdstrike | LWSK | 27.08.2025 |
| *OR-090/25* | Судир со птица | TAV-038 | Incident | Birdstrike | LWSK | 28.08.2025 |
| *OR-091/25* | Судир со птица | TAV-039 | Incident | Birdstrike | LWSK | 31.08.2025 |
| *OR-092/25* | Судир со птица | TAV-040 | Incident | Birdstrike | LWSK | 01.09.2025 |
| *OR-093/25* | Судир со птица | TAV-041 | Incident | Birdstrike | LWOH | 01.09.2025 |
| *OR-094/25* | Судир со птица | TAV-042 | Incident | Birdstrike | LWOH | 08.09.2025 |
| *OR-095/25* | Истекување гориво | TAV-043 | Incident | RAMP | - | 05.09.2025 |
| *OR-096/25* | Near mid-air incident | A-008 | Not determined | MAC | FIR | 04.08.2025 |
| *OR-097/25* | Holding | A-009 | No effect | Other | - | 06.08.2025 |
| *OR-098/25* | Altitude bust (Wizz Air) | WIZZ-001 | Incident | NAV | LWSK | 04.08.2025 |
| *OR-099/25* | Мало растојание меѓу авиони | A-013 | Not determined | MAC | FIR | 17.09.2025 |
| *OR-100/25* | Потврден судир со птица | TAV-044 | Incident | Birdstrike | LWSK | 19.09.2025 |
| *OR-101/25* | Потврден судир со птица | TAV-045 | Incident | Birdstrike | LWSK | 21.09.2025 |
| *OR-102/25* | Инцидент на лет JU 792 | TAV-046 | Incident | RAMP | LWSK | 23.09.2025 |
| *OR-103/25* | Откажување на BRACO монитор | T-023 | Observation | ATM/CNS | FIR Скопје | 03.09.2025 |
| *OR-104/25* | Генериран лажен радарски трак | T-024 | Observation | ATM/CNS | FIR Скопје | 12.07.2025 |
| *OR-105/25* | Губење на радарски одраз | T-025 | Not determined | ATM/CNS | FIR Скопје | 06.09.2025 |
| *OR-106/25* | Дефект на дизел агрегат | T-026 | Not determined | Other | FIR Скопје | 12.02.2025 |
| *OR-107/25* | Губење на радарски одраз | T-027 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 13.09.2025 |
| *OR-108/25* | Губење на радарски одраз | T-028 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 18.09.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-109/25* | Прекин на радар (Alenia SIR-M) | T-029 | Observation | ATM/CNS | FIR | 18.09.2025 |
| *OR-110/25* | Откажување на радар Бански Рид | T-030 | Serious incident | ATM/CNS | FIR | 21.09.2025 |
| *OR-111/25* | Ласерски напад | A-014 | Not determined | Security | FIR | 24.09.2025 |
| *OR-112/25* | Гасење мотор поради недостиг на гориво | RiminAir-002 | Incident | System failure | - | 05.10.2025 |
| *OR-113/25* | Судир со животно | TAV-047 | Incident | Wildlife | LWSK | 06.10.2025 |
| *OR-114/25* | Потврден судир со птица | TAV-048 | Incident | Birdstrike | LWSK | 15.10.2025 |
| *OR-115/25* | Потврден судир со птица | TAV-049 | Incident | Birdstrike | LWSK | 17.10.2025 |
| *OR-116/25* | Судир со птица | TAV-050 | Incident | Birdstrike | LWOH | 22.10.2025 |
| *OR-117/25* | Погрешен loadsheet | TAV-051 | Incident | RAMP | LWSK | 16.10.2025 |
| *OR-118/25* | Мало истекување гориво | TAV-052 | Not determined | Fuel | - | 26.10.2025 |
| *OR-119/25* | Недоволна информација за формација | A-015 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 18.10.2025 |
| *OR-120/25* | Прекин на радио врска VFR | A-016 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 20.10.2025 |
| *OR-121/25* | Дефект на approach светла | TAV-053 | Incident | Aerodrome | LWSK | 30.10.2025 |
| *OR-122/25* | Потврден судир со птица | TAV-054 | Incident | Birdstrike | LWSK | 31.10.2025 |
| *OR-123/25* | Судир со животно | TAV-055 | Incident | Wildlife | LWSK | 01.11.2025 |
| *OR-124/25* | Истекување гориво | TAV-056 | Incident | Aerodrome | LWSK | 01.11.2025 |
| *OR-125/25* | Принудно слетување поради гориво | A-018 | Not determined | Other | - | 02.11.2025 |
| *OR-126/25* | Ненајавен сообраќај | A-019 | Not determined | Other | - | 31.10.2025 |
| *OR-127/25* | Serious near mid-air incident | A-020 | Serious incident | MAC | FIR | 13.11.2025 |
| *OR-128/25* | Потенцијална опасност – висинска координација | V-021 | Not determined | Other | - | 11.11.2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *OR-129/25* | Погрешен дизајн на процедури | V-022 | Not determined | Other | - | 12.11.2025 |
| *OR-130/25* | Потврден судир со птица | TAV-057 | Incident | Birdstrike | LWSK | 15.11.2025 |
| *OR-131/25* | Потврден судир со птица | TAV-058 | Incident | Birdstrike | LWSK | 20.11.2025 |
| *OR-132/25* | Истекување гориво од авион | TAV-059 | Incident | Powerplant | LWSK | 16.12.2025 |
| *OR-133/25* | Дефект на стајно тркало | GA-002 | Incident | System failure | Штип | 14.12.2025 |
| *OR-134/25* | Опасна стока | TAV-060 | Incident | Other | LWSK | 24.12.2025 |
| *OR-135/25* | Авионска несреќа (CFIT) | A-021 | Accident | CFIT | FIR | 12.12.2025 |
| *OR-136/25* | Недоразбирање во комуникација | A-022 | Not determined | Other | - | 11.11.2025 |
| *OR-137/25* | Авион без TCAS | V-023 | Not determined | Other | FIR | 28.11.2025 |
| *OR-138/25* | Пожар во простории на M-HAB | V-024 | Not determined | Other | M-HAB | 17.12.2025 |
| *OR-139/25* | Зголемен workload и лоша координација | V-025 | Not determined | Other | LWSK | 18.12.2025 |
| *OR-140/25* | Губење на радарски одраз | T-031 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 02.12.2025 |
| *OR-141/25* | Губење на радарски одраз | T-032 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 03.12.2025 |
| *OR-142/25* | DME аларм | T-033 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 20.11.2025 |
| *OR-143/25* | Губење на радарски тракови | T-034 | Not determined | ATM/CNS | FIR | 22.12.2025 |

# 2. ГРАФИЧКИ И ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВКУПЕН БРОЈ НА НАСТАНИ ЗА 2025 ГОДИНА, КЛАСА И КАТЕГОРИЈА

| | |
|---|---|
| **Jan** | 7 |
| **Feb** | 3 |
| **Mar** | 6 |
| **Apr** | 12 |
| **May** | 13 |
| **Jun** | 18 |
| **Jul** | 15 |
| **Aug** | 21 |
| **Sep** | 15 |
| **Oct** | 12 |
| **Nov** | 12 |
| **Dec** | 9 |
| Grand Total | **143** |

**Прикажан е графички приказ на вкупниот број на настани кои се пријавени и обработени во системот ECCAIRS за 2025 година. Вкупниот број на пријавени настани во согласност со системите за задолжително и доброволно пријавување на настани е 143.**

**Најголем број на пријавени настани се во месец август, вкупно 21, кога и обемот на сообраќај низ аеродромите во државата е зголемен.**






## Статистички и графички приказ по класа на настани за 2025 година

Од табелата може да се види дека најголем број на настани се со класа Инциденти - Incident, вкупно 90 настани. Анализите покажуваат дека во летниот период поради зголемената фреквенцијата во воздушниот сообраќајот се пријавуваат повеќе настани.

| | Count of Report identification |
|---|---|
| Accident | 1 |
| Incident | 57 |
| Not determined | 69 |
| Observation | 6 |
| Occurrence with No Flight Intended | 1 |
| Occurrence without safety effect | 4 |
| Serious incident | 4 |
| Significant incident | 1 |
| **Grand Total** | **143** |



## Статистички и графички приказ по категорија на настани за 2025 година

На графиконот и табелата подолу е прикажана категоризацијата на настаните, од каде може да се заклучи дека најмногу пријавени настани се категоризирани со категорија ATM: ATM/CNS категоризирани се вкупно 40 настани, а настани поврзани со категорија BIRD: Birdstrike, се вкупно 36.

| | |
|---|---|
| ADRM: Aerodrome | 4 |
| ATM: ATM/CNS | 40 |
| BIRD: Birdstrike | 36 |
| CFIT: Controlled flight into or toward terrain | 1 |
| FUEL: Fuel related | 3 |
| LALT: Low altitude operations | 1 |
| MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collisions | 5 |
| NAV: Navigation error | 3 |
| OTHR: Other | 27 |
| RAMP: Ground Handling | 6 |
| RE: Runway excursion | 1 |
| SCF-NP: System/component failure or malfunction [non-powerplant] | 7 |
| SCF-PP: powerplant failure or malfunction | 4 |
| SEC: Security related | 2 |
| WILD: Collision Wildlife | 3 |
| | **143** |



# 3. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ПО ТИП НА ПРИЈАВА НА НАСТАН 2025 ГОДИНА

## Анализа на настани, статус по тип на пријава ANS

| | |
|---|---|
| **Mar** | 1 |
| **Apr** | 3 |
| **Jun** | 2 |
| **Jul** | 1 |
| **Aug** | 3 |
| **Sep** | 2 |
| **Oct** | 4 |
| **Nov** | 4 |
| **Dec** | 2 |
| | **22** |

На табелата е прикажан бројот на пријави од категорија ANS. Како што може да се види од приказот подолу има, вкупно 19 настани



## Анализа на настани, статус по тип на техничка пријава CNS

На табелата е прикажан бројот на пријави од категорија CNS, технички настани Како што може да се види од приказот има вкупно 34 технички настан.

**CNS**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Jan | | | 5 |
| Feb | | | 2 |
| Mar | | | 3 |
| Apr | | | 3 |
| May | | | 3 |
| Jun | | | 4 |
| Jul | | | 3 |
| Aug | | | 1 |
| Sep | | | 6 |
| Nov | | | 1 |
| Dec | | | 3 |
| | | | 34 |



## Анализа на настани, статус по тип на пријави од ТАВ аеродроми

На графикот и табелата се настаните пријавени од ТАВ аеродроми кои се вкупно 59.

**TAV**

| | |
|---|---|
| Jan | 1 |
| Mar | 1 |
| Apr | 6 |
| May | 4 |
| Jun | 6 |
| Jul | 4 |
| Aug | 15 |
| Sep | 7 |
| Oct | 8 |
| Nov | 5 |
| Dec | 2 |
| | 59 |



## Анализа на настани, статус по тип на доброволни пријави

На табелата подолу се прикажани волонтерските, доброволни пријави за настани чиј вкупен број е 25 настани.

**Voluntary**

| | |
|---|---|
| Feb | 1 |
| Mar | 1 |
| Apr | 3 |
| May | 3 |
| Jun | 6 |
| Jul | 5 |
| Aug | 1 |
| Nov | 3 |
| Dec | 2 |
| | |



## Анализа на настани поврзани со судир со птици (BIRD: Birdstrike)

Од анализата може да се заклучи дека најголем број на пријавени настани со категорија BIRD: Birdstrike има во 2024 година, вкупно 39 пријави. Во 2025 година бројот е 36 пријави. Бројот на пријави опаѓа до 2021 година и потоа повторно е со експоненцијален пораст. Најголем број на пријавени настани со категорија Birdstrike, односно удар со птици е од аеродромот во Скопје.

| Локација | Birdstrike 2025 година |
|---|---|
| Аеродром Охрид | 5 |
| Аеродром Скопје | 31 |
| Вкупно: | 36 |







Освен типовите на пријави кои се прикажани во насловите погоре, има и други видови на пријави кои се пријавени до АЦВ. Пример се пријавите од генерална авијација, индивидуални пријави, странски оператор, итн.

# 5. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА НАСТАНИ ЗА 2013 ГОДИНА - 2025 ГОДИНА



Приказ 2

Споредувајќи ги податоците од минатото очигледно е дека има поголема свесност кај воздухопловните субјекти за пријавување на безбедносни настани.

Бројот на пријавени безбедносни настани во 2025 година е зголемен благодарение на напорите на АЦВ да ја промовира и потенцира важноста на пријавувањето, како и на кооперативноста на воздухопловната индустрија.

# 6. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на извршената анализа на податоците за пријавените настани, спроведените истраги и статистичките показатели за обемот на воздухопловниот сообраќај во текот на 2025 година, може да се констатира дека нивото на воздухопловна безбедност во Република Северна Македонија останува стабилно, но под зголемен оперативен притисок.

Зголемувањето на вкупниот број на прелети за 7,6% во однос на 2024 година, како и порастот на бројот на пријавени безбедносни настани, укажуваат на директна корелација помеѓу обемот на сообраќај и изложеноста на ризик. Истовремено, овој тренд ја рефлектира и зголемената свесност и подобрената култура на пријавување на настани во воздухопловниот систем.

Анализата покажува дека најголем дел од настаните припаѓаат на категориите поврзани со услуги на воздухопловна навигација (ATM/CNS), како и настани од типот судир со птици (Birdstrike), што укажува на постоење на системски и оперативни предизвици во овие области. Особено загрижувачки е значителниот број на настани со недефинирана класификација, што укажува на потреба од понатамошно унапредување на процесите на анализа, категоризација и управување со безбедносните податоци.

Резултатите од спроведените истраги покажуваат дека, иако бројот на несреќи и сериозни инциденти е релативно низок, постојат повторливи случаи и ризици кои бараат системски пристап и континуирано следење. Во одредени случаи, ограниченото издавање на безбедносни препораки укажува на потреба од поактивен пристап во идентификацијата и адресирањето на причините и придонесувачките фактори.

Дополнително, анализата укажува на влијанието на човечкиот фактор, оперативниот workload и техничките ограничувања, како значајни елементи кои влијаат врз појавата на безбедносни настани. Во таа насока, потребно е понатамошно зајакнување на системите за управување со безбедноста, со посебен акцент на превентивните мерки и управувањето со ризици.

Имајќи го предвид наведеното, може да се заклучи дека одржувањето и унапредувањето на воздухопловната безбедност бара континуиран, координиран и проактивен пристап од сите релевантни чинители во воздухопловниот систем, со фокус на техничката сигурност, ефикасната размена на информации, унапредувањето на процедурите и јакнењето на безбедносната култура.